Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-343/1 од 27.3.2024 година, поднесена од Конфедерација на синдикалните организации на Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**за неповедување на постапка за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-343/2
07-05-2024 20 __ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Образложение**

На 27.3.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од Конфедерацијата на синдикалните организации на Македонија за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, против [redacted]

Претставката за заштита од дискриминација е поднесена од страна на Конфедерацијата на синдикалните организации на Македонија, по претходно поднесено известување од Независниот синдикат на Државниот просветен инспекторат. Оттука, во претставката е наведено дека во седиштето на Државниот просветен инспекторат во Скопје, покрај системот за електронска евиденција на работното време, била воведена двојна евиденција на работното време, односно биле доставувани 3 списоци на кои се потпишувале инспекторите за надзор во основно, средно и високо образование, како и вработените во одделението за поддршка. Во врска со претходно наведеното, истакнато е дека за ваквите списоци не биле проследени писмени задолженија од страна на Директорот на Државниот просветен инспекторат, туку списоците биле проследени од страна на раководителите назначени од него. По настанатата ситуација и укажувањата од страна на вработените во Државниот просветен инспекторат, дополнителните списоци за евидентирање биле повлечени за вработените од одделението за поддршка и одделението на инспектори од високото образование, при што продолжило доставувањето на списоци за двојна евиденција за инспекторите кои вршат надзор во основното и средното образование. Оттука, наведено е дека [redacted] без да им проследи писмено задолжение на вработените продолжила да им доставува списоци.

Оттука, во претставката за заштита од дискриминација наведуваат дека согласно член 116 ставови 7 и 8 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/23):

*„(7) Работодавач кој има над 25 вработени и кај кого процесот на работата се врши на една или повеќе локации е должен на секоја локација да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа.*
*(8) Работодавачот кој има до 25 вработени е должен да води евидентен лист за присуство на работа на работниците со наведување на податоци за почетокот и завршетокот на работното време.“*

Во врска со претходно наведеното, истакнато е дека поради фактот што институцијата брои повеќе од 25 вработени, нема законски основ на засегнатите вработени покрај електронската евиденција да им бидат наметнати дополнителни евидентни листови, кои се доставуваат само до инспекторите за основно и средно образование.

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност, при што заштитата на потенцијалната повреда на правата на подносителите, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, не спаѓа во надлежност на Комисијата.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација посочува дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20), која гласи: *„дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други."*

Согласно член 16 од Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за образование и наука, надлежностите на Државниот секретар за образование и наука се состојат од организација, координација, обединување и насочување на извршувањето на работите и задачите во Министерството, при што тој се грижи за нивното законско, навремено и квалитетно извршување; ги следи и се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците, насоките и упатствата на министерот; го советува и му помага на министерот за решавање на најсложени работи и за остварување на програмата за работа на министерството; учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија; одржува контакти на соодветно ниво со домашни и со меѓународни организации и непосредно соработува со државните секретари на другите органи на државната управа; раководи со државните службеници; дава упатства на раководните и другите државни службеници и вработени во институцијата, особено во контекст на управување со човечките ресурси; решава за правата, обврските и одговорностите на државните службеници на начин и во постапки утврдени со Законот за административни службеници.

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност. Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги упатува подносителите да се обратат до Министерството за образование и наука, конкретно до Државната секретарка за образование и наука.

7.5.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
-Конфедерација на синдикалните организации на Македонија, ул. „Финска" бр. 19, 1000 Скопје